Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 544/2
Датум: 03.09.2024

По претставката бр. 08 - 544/1 од 05.08.2024 година, поднесена од [redacted] за заштита од дискриминација во области на работата и работните односи врз основа на попреченост, против Јавно претпријатие за државни патишта, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К
### за неповедување на постапка

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08 - 544/1 од 05.08.2024 година, поднесена од [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на попреченост, во областа на работата и работните односи против Јавно претпријатие за државни патишта.

### О б р а з л о ж е н и е

На 05.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од подносителот [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на попреченост во областа на работата и работните односи Јавно претпијатие за државни патишта.

Подносителот во претставката појаснува дека е вработен согласно Законот за вработување на инвалидни лица. Тврди дека од моментот на неговото вработување до моментот на поднесување на претставката се соочува со постојани бариери, неправилности, нечовечко и сурово постапување од страна на надлежните институции во обидот да ги оствари своите права. Како резултат на тоа се соочил со непроценливи штети по здравствената состојба и со правни последици. Појаснува дека од 2013 година бил вработен во ЈП Македонски шуми, а потоа бил распределен во Јавното претпријатие за државни патишта како технички секретар за телефонска централа. Подносителот тврди дека како резултат на незаконски промени на работното место дошло до целосна загуба на неговиот вид, а дотогаш имал 73 % оштетен вид. Тој тврди дека работодавачот без наод, оцена и мислење во однос на неговата попреченост му доделувал несоодветни работни задачи и пропуштил да изврши разумни прилагодување на неговиот работен однос. Од тие причини бил изложен на медицински интервенции, а како резултат на преголемиот обем на работни задачи тврди дека целосно го изгубил видот.

Освен наводите на подносителот кои се однесуваат на неговиот работодавач, во претставката се содржани и наводи во однос на постапките и одлуките на други државни органи во остварување на правата на подносителот, и тоа: Министерството за труд и социјална работа, Државниот инспекторат за труд, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Управен суд итн.

Разгледувајќи ја претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека веќе има постапувано по правната работа на подносителот на претставката. За истата правна работа е донесено донесено Мислење на Комисијата од 17.01.2023 година со бр. 08 – 93/1.

Имајќи предвид дека во новоподнесената претставка дополнителен факт е тоа што подносителот побарал состанок со директорот на ЈП државни патишта, кој факт не ја менува фактичка состојба во однос на дискриминација, Комисијата одлучи како во диспозитивот. Дополнително, во одос на постапките и исходите на останатите државни органи, Комисијата потенцира дека нема надлежност да ги преиспитува нивните одлуки и да врши надзор над нивната работа.

Врз основа на наведеното, а имајќи предвид дека Комисијата има постапувано за истата правна работа, се констатира дека не постојат нови факти и околности кои ја менуваат околноста која е ценета и со Мислењето бр. 08 – 92/1 од 17.01.2023 година. Во таков случај, согласно **член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.**

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок и не поведе постапка по претставката 08 - 544/1 од 05.08.2024 година.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk